СТУДИСКА ПРОГРАМА ПО МАТЕМАТИКА - НАСТАВНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УГД-ШТИП
РЕЖИМ НА СТУДИРАЊЕ 4 ГОДИНИ (240 ЕКТС)

Студентот кој ќе заврши прв циклус на четиригодишни студии, студиска програма Математика - наставна, се стекнува со следното звање:

На македонски јазик: **Дипломиран професор по математика, VI A (НРК)**

На англиски јазик: **Bachelor in Mathematics Education - BSE (CS), VI A (NQF)**

СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА МАТЕМАТИКА - НАСТАВНА АКАДЕМСКИ ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС

Наставни предмети, 1 година - 1 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI102721	Математичка анализа 1	8	3+2+2	240
2.	2FI100221	Основи на програмирање	6	2+2+1	180
3.	2FI100921	Линеарна алгебра	6	2+2+1	180
4.	2FI101021	Множества и логика	6	2+2+1	180
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.1	4	2+1+1	120
		Вкупно ECTS	**30**	**11+9+6**	**900**

Листа бр. 1 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	4FF100621	Англиски јазик А2.1	4	2+1+1	120
2.	4FF100221	Германски јазик А1.1	4	2+1+1	120
3.	4FF100421	Италијански јазик ниво А1.1	4	2+1+1	120
4.	4FF100121	Шпански јазик ниво А1.1	4	2+1+1	120
5.	4FF100521	Француски јазик ниво А1.1	4	2+1+1	120
6.	4FF100321	Руски јазик ниво А1.1	4	2+1+1	120

Наставни предмети, 1 година - 2 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI101621	Математичка анализа 2	6	2+2+1	180
2.	2FI101721	Аналитичка геометрија	6	2+2+1	180
3.	2FI106721	Компјутерски апликации	6	2+2+1	180
4.	2FI101421	Дискретна математика	6	2+2+1	180
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.2	4	2+1+1	120
6.		Педагошка пракса	2	0+0+2	60
		Вкупно ECTS	**30**	**10+9+7**	**900**

*Во овој семестар се предвидени активности по Спорт и рекреација.

Листа бр. 2 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	4FF101121	Англиски јазик А2.2	4	2+1+1	120
2.	4FF101221	Германски јазик А1.2	4	2+1+1	120
3.	4FF100921	Италијански јазик ниво А1.2	4	2+1+1	120
4.	4FF100821	Шпански јазик ниво А1.2	4	2+1+1	120
5.	4FF101021	Француски јазик ниво А1.2	4	2+1+1	120
6.	4FF101321	Руски јазик ниво А1.2	4	2+1+1	120

Наставни предмети, 2 година - 3 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI101821	Геометриски трансформации	8	3+2+2	240
2.	2FI102221	Математичка анализа 3	8	3+2+2	240
3.	4FO100321	Македонски јазик со култура на изразувањето	6	2+2+1	180
4.		Изборен наставен предмет од Листа бр.3	4	2+1+1	120
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.4	4	2+1+1	120
		Вкупно ECTS	**30**	**12+8+7**	**900**

Листа бр. 3 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI130621	Тригонометрија	4	2+1+1	120
2.	2FI132621	Нацртна геометрија	4	2+1+1	120

Листа бр. 4 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI130821	Векторски простори	4	2+1+1	120
2.	2FI132521	Теорија на графови	4	2+1+1	120

Наставни предмети, 2 година - 4 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI102821	Диференцијални равенки	6	2+2+1	180
2.	2FI102321	Физика	6	2+2+1	180
3.	2FI103021	Алгебра 1	6	2+2+1	180
4.	2FI100621	Финансиска математика	6	2+2+1	180
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.5	4	2+1+1	120
6.		Педагошка пракса	2	0+0+2	60
		Вкупно ECTS	**30**	**10+9+7**	**900**

Листа бр. 5 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI131321	Компјутерски практикум	4	2+1+1	120
2.	2FI136521	Објектно ориентирано програмирање	4	2+1+1	120

Наставни предмети, 3 година - 5 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI103621	Теорија на веројатност	8	3+2+2	240
2.	2FI102921	Топологија	8	3+2+2	240
3.	4FO105721	Педагогија	6	2+2+1	180
4.		Изборен наставен предмет од Листа бр.6	4	2+1+1	120
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.7	4	2+1+1	120
		Вкупно ECTS	**30**	**12+8+7**	**900**

Листа бр. 6 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI134721	Актуарска математика	4	2+1+1	120
2.	2FI132421	Математичко програмирање	4	2+1+1	120

Листа бр. 7 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI136721	Дидактика	4	2+1+1	120
2.	2FI136921	Образовен софтвер	4	2+1+1	120

Наставни предмети, 3 година - 6 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI104521	Вовед во статистичка анализа	6	2+2+1	180
2.	2FI103221	Вовед во комплексна анализа	6	2+2+1	180
3.	2FI104221	Нумерички методи	6	2+2+1	180
4.	2FI103721	Алгебра 2	6	2+2+1	180
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.8	4	2+1+1	120
6.		Педагошка пракса	2	0+0+2	60
		Вкупно ECTS	**30**	**10+9+7**	**900**

Листа бр. 8 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI130921	Мера и интеграл	4	2+1+1	120
2.	2FI131121	Операциони истражувања	4	2+1+1	120
3.	2FI130721	Теорија на броеви	4	2+1+1	120

Наставни предмети, 4 година - 7 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI105221	Методика на наставата по математика 1	8	3+2+2	240
2.	2FI100821	Елементарна математика со практикум	8	3+2+2	240
3.	2FI106721	Психологија	6	2+2+1	180
4.		Изборен наставен предмет од Листа бр.9	4	2+1+1	120
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.10	4	2+1+1	120
		Вкупно ECTS	**30**	**12+8+7**	**900**

Листа бр. 9 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI134621	Динамички системи	4	2+1+1	120
2.	2FI133621	Линеарни трансформации	4	2+1+1	120
3.	4FO102921	Училишна организација	4	2+1+1	120

Листа бр. 10 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI134821	Математички програмски пакети	4	2+1+1	120
2.	2FI135121	Графика и визуелизација	4	2+1+1	120

Наставни предмети, 4 година - 8 семестар

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI106121	Методика на наставата по математика 2	4	2+1+1	120
2.	2FI106221	ИКТ во наставата по математика	4	2+1+1	120
3.	2FI106621	Историја на математика	4	2+1+1	120
4.		Изборен наставен предмет од Листа бр.11	4	2+1+1	120
5.		Изборен наставен предмет од Листа бр.12	4	2+1+1	120
6.		Педагошки стаж	4	0+0+4	120
7.		Дипломски труд	6	0+0+8	180
		Вкупно ECTS	**30**	**10+5+17**	**900**

Листа бр. 11 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI135921	Подготовка на ученици за натпревари	4	2+1+1	120
2.	2FI136021	Работа со ученици надарени за математика	4	2+1+1	120

Листа бр. 12 на изборни наставни предмети (се избира 1 предмет)

Ред бр.	Код на предмет	Предмети	ECTS	Фонд на часови	Вкупно часови
1.	2FI136821	Инклузивно образование	4	2+1+1	120
2.	4FO102721	Педагошка комуникација	4	2+1+1	120
3.	2FI136621	Етика во образованието	4	2+1+1	120

*Легенда: Во полето неделен фонд на часови, изразот (а+б+в) означува: а-предавања; б-аудиториски вежби; в) лабораториски вежби

1а. Општи дескриптори на квалификации за академските четиригодишни студии од прв циклус со 240 ЕКТС, студиска програма по математика - наставна, Факултет за информатика, Универзитет ,,Гоце Делчев" - Штип, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.154/2010) и Законот за националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.137/2013 и бр.30/2016).

Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации		Високо образование	Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации
VI	VIA	Четиригодишни академски студии од прв циклус, 240 кредити	6

Квалификации кои означуваат успешно завршување **на првиот циклус на студии (240 ЕКТС)** се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

Знаење и разбирање	• Изразува знаење и разбирање на концептите во класичните и современите достигнувања од областа на алгебрата, математичката анализа, теоријата на веројатност и статистиката, геометријата и топологијата, како и од некои подрачја од применетата математика; • Покажува знаење и разбирање во процесите на докажување и обопштување на конкретни математички проблеми, како и решавање на реални проблеми со користење на математички знаења; • Покажува знаења, вештини и способности за водство во сферата на планирањето, организирањето и реализирањето на наставниот процес по математика како и способност за развивање на нови решенија во училишната практика; • Покажува знаење и вештини за демонстрирање и визуелно прикажување на математичките содржини со помош на соодветни компјутерски апликации
Примена на знаењето и разбирањето	• Демонстрира широки знаења и разбирања под што се подразбира дека знае да толкува, проценува, компарира, генерализира, дава суд, резимира достигнувања на современите педагошки правци и учења на математичкото образование; • Своите темелни математички знаења преку наставниот процес во училиштата ги пренесува и интерпретира; • Демонстрира способност за изготвување и евалуација на учебници по математика и други учебни средства, како и способност за планирање и реализирање на активности за интерно и екстерно оценување на работата на учениците, наставниците и сите аспекти на воспитно-образовниот процес; • Знае да го примени стекнатото знаење при решавање на конкретни проблеми од секојдневниот живот.

Способност за проценка	• Демонстрира способност за прибирање, анализирање, интерпретирање и користење на податоци и информации во функција на унапредување на наставниот процес; • Способност за проценка на талентираните ученици како и на ученици со специфични образовни потреби, како и способност за работа со нив.
Комуникациски вештини	• Демонстрира способност за ефективна комуникација, како во орална и така и во пишана форма; • Ставовите и резултатите од работењето се секогаш поткрепени со аргументи; • Има развиено комуникациски вештини за авторитетно, компетентно и партнерско делување во средината во која работи (ученици, родители, колеги и други заинтересирани страни).
Вештини на учење	• Лесно се прилагодува на совладување на нови наставни програми; • Има способност за постојан професионален развој, преку користење на стручна и научна литература, професионални обуки, продолжување на формалното образование, членување во професионални организации, итн. • Користи информатички технологии за далечинско и електронско учење.

1б. Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за академските четиригодишни студии од прв циклус со 240 ЕКТС, студиска програма математика - наставна , Факултет за информатика, Универзитет ,,Гоце Делчев" Штип, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.154/2010) и Законот за националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.137/2013 и бр.30/2016).

Знаење и разбирање	• Покажува темелно знаење и разбирање на концептите во класичните и современите достигнувања од алгебрата, математичката анализа, теоријата на веројатност и статистика, геометријата и топологијата, како и од некои подрачја од применетата математика (добро познавање на математичите подрачја релевантни за компјутерските науки, математичка логика, теорија на пресметливост, теорија на алгоритми итн.); • Покажува знаење и разбирање за алгоритмите, основите на некои програмски јазици, како и разбирање за еволуцијата и динамичката природа на компјутерските и техничките науки и огромната примена на математичките дисциплини во нивниот развој; • Покажува знаење и разбирање во процесот на математичко докажување, обопштување на конкретни

	проблемски ситуации и решавање на реални проблеми со користење на математички апарат; • Покажува знаења, вештини и способности за водство во сферата на планирањето, организирањето и реализирањето на наставниот процес по математика; • Покажува знаење и разбирање за научно проучување, евалуација и развивање на нови решенија во училишната практика; • Ги разбира професионалните, етичките, законските, безбедносните и социјалните импликации и одговорности на наставничката професија; • Способен е за проширување на знаењето во стручни и научни области од математиката; • Ги познава и разбира структурата и целите на курикулумот; • Ги познава и разбира принципите и законитостите во процесот на планирање, организација, реализација и евалуација на наставата и другите воспитно-образовни активности во училиштен контекст; • Ги познава стратегиите за унапредување на наставната практика и ги разбира причинско - последичните односи во воспитно - образовниот процес.
Примена на знаењето и разбирањето	• Ги користи темелните математички знаења и може да ги пренесе и интерпретира во наставниот процес во училиштето; • Демонстрира широки знаења и разбирања (толкува, проценува, компарира, генерализира, дава суд, резимира) на современите педагошки правци и учења, општо и посебно на математичкото образование; • Ги користи принципите на дизајн за креирање на мултимедијални апликации и е-наставни содржини; • Демонстрира способност за изготвување и евалуација на учебници по математика и други учебни помагала; • Демонстрира способности за планирање и реализирање на активности за интерно и екстерно оценување на работата на учениците, наставниците и сите аспекти на воспитно-образовниот процес; • Демонстрира менторски вештини заради успешно воведување на процесни промени во основното и средното образование; • Демонстрира вештини за дизајн, имплементација и верификација на софтверски решенија со различна сложеност; • Избира и применува дидактичко-методички пристапи заради индивидуализација на наставата.
Способност за проценка	• Демонстрира способност за прибирање, анализирање, интерпретирање и користење на податоци и информации во функција на унапредување на наставниот процес; • Способност за анализирање, категоризирање и диференцирање на проблеми и идентификување и

	дефинирање на математичките барања кои се соодветни за решавање на тие проблеми; • Способност за проценка на талентираните ученици како и на ученици со специфични образовни потреби и работа со нив; • Има развиено способности и вештини за (само) вреднување и свест за потреба од континуиран професионален развој; • Може да анализира и проценува специфични воспитно-образовни ситуации и да донесува соодветни одлуки за избор на стратегии за ефикасно и ефективно воспитно-образовно делување.
Комуникациски вештини	• Демонстрира способност за ефективна комуникација, во орална и пишана форма; • Демонстрира способност за комуникација со напредни професионални вокабулари; • Демонстрира способност за ефективна работа самостојно или како продуктивен член на тим, кој може да биде и мултидисциплинарен; • Аргументирано презентира ставови и резултати од работењето; • Има развиено комуникациски вештини за авторитетно, компетентно и партнерско делување во средината во која работи (ученици, родители, колеги и други заинтересирани страни).
Вештини на учење	• Лесно се прилагодува на совладување на нови наставни програми; • Користи информатички технологии за далечинско и електронско учење; • Ја разбира потребата од и има способност за постојан професионален развој, преку користење на стручна и научна литература, професионални обуки, продолжување на формалното образование, членување во професионални организации, итн; • Демонстрира свесност за новите технологии и способност за евалуација и користење на современите софтверски развојни алатки; • Користи информатички технологии за далечинско и електронско учење; • Има развиено вештини за кооперативно, компетитивно и индивидуално учење; • Има развиено вештини за примена на техники на активно поучување и учење.

При изготвувањето на студиска програма математика - наставна беа анализирани водечки универзитети според последното рангирање на универзитетите од страна на Институтот за високо образование при Џио Тонг Универзитететот од Шангај. Особено внимание беше посветено на анализа на студиските програми од:

1. Студиската програма по математика на Универзитетот во Минхен, кој е на 52 место на Шангајска листа

- линк:https://www.uni-muenchen.de/studium/studienangebot/studiengaenge/studienfaecher/mathematik/bachelor/index.html

2. Студиската програма по математика на Универзитетот во Минесота, кој е на 41 место на Шангајска листа
   - линк: http://https://twin-cities.umn.edu/
   - https://onestop2.umn.edu/pcas/viewCatalogProgram.do?programID=134

3. Студиската програма по математика на Универзитетот во Базел, кој е на 87 место на Шангајска листа
   - линк:https://www.unibas.ch/en/Studies/Degree-Programs/Degree-Programs/Mathematik-BSc.html

При изготвувањето на студиска програма математика - наставна исто така беа анализирани и водечки универзитети и институции од регионот:

- Студиската програма по математика на Природно – математичкиот факултет при Универзитетот во Нови Сад
  - линк: https://www.pmf.uns.ac.rs/studije/studijski-programi/matematika-2018/

- Студиската програма професор по математика на Математичкиот факултет во Белград
  - линк: http://www.matf.bg.ac.rs/cp/42/izborni-modul-profesor-matematike-i-racunarstva/

- Студиската програма по наставна математика на Природно - математичкиот факултет во Скопје
  - линк: http://im-pmf.weebly.com/10531072108910901072107410851072-10841072109010771084107210901080108210721.html

Прилог 3 – Предметни програми (Прилог 3)

Прилог бр.3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Математичка анализа 1**			
2.	Код	2FI100721			
3.	Студиска програма	Математика-наставна			
4.	Организатор на студискатапрограма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за информатика Катедра за математика и статистика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Прва/прв	7.	Број на ЕКТС кредити	8
8.	Наставник	проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Упис на прв циклус на студии на студиската програма			
10.	Цели на предметнатапрограма (компетенции): Да се усвојат основните поими и алатки од матрично сметање и примени, векторска алгебра, низи и функции како и диференцијално сметање на реална функција од една реална променлива кои се неопходни за математичките истражувања во применетите науки. Студентите треба да ги совладаат предвидените содржини, да знаат да ги применуваат при решавање на математички и други проблеми, како и да умеат да развиваат концепти и математички мислења за решавање проблеми.				
11.	Содржина на предметната програма: 1. Матрици и детерминанти. Примена – решавање системи од n -линеарни равенки со n променливи; 2. Векторска алгебра – дефиниција на вектор, координатна репрезентација, операции со вектори, линеарна зависност и независност, скаларен, векторски и мешан производ, матрична репрезентација и примени; 3. Аналитичка геометрија во простор – точка, права, рамнина, основни равенки, меѓусебна положба и примени; 4. Бројни множества – природни, цели, рационални броеви, математичка индукција; 5. Реални броеви – дефиниција, апсолутна вредност на реален број, растојание, интервали, отворени и затворени множества, околини – равенки и неравенки во множеството реални броеви; 6. Реална низа – дефиниција, конструкција, поим за конвергенција на реална низа, критериуми за конвергенција; 7. Реална низа – Својства на конвергентни низи, операции со конвергентни низи, дивергентни низи; 8. Специјални низи – аритметичка и геометриска прогресија, бројот е, поднизи; 9. Реални функции со една променлива – дефиниција, својства, график на функција, класи на елементарни функции и графици 10. Реални функции – поим за гранична вредност на функција; постапки за утврдување на гранична вредност на функција, непрекинатост и точки на прекин. Асимптоти на функција. Примена 11. Основи на диференцијално сметање – дефиниција на извод на функција со една реална променлива, геометриска и физичка интерпретација, диференцијабилни функции и правила на диференцирање, примена – интервали на монотоност 12. Основни теореми на диференцијалното сметање – теорема на Лопитал, Лагранж, Рол, средна вредност, Тејлоров полином, апроксимација на функции со полиноми 13. Изводи и диференцијали од повисок ред. Примена на изводи – дефиниција и видови на екстреми на функција со една реална променлива, начин на определување на екстреми со помош на изводи. Други карактеристични точки (превои) на функција. Геометриска интерпретација 14. Испитување на тек и цртање на график на функција со една реална променлива; 15. Примени – цртање графици со помош на компјутерски програмски пакети				
12.	Методи на учење: Предавања, вежби, изработка на семинарски труд, практична настава				

13.	Вкупен расположив фонд на време		8 ЕКТС x 30 часа = 240 часа	
14.	Распределба на расположивотовреме		45+30+30+60+75 = 240 часа (3+2+2)	
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања- теоретсканастава	45 часа
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	30 часа
16.	Другиформи на активности	16.1	Проектни задачи	30 часа
		16.2	Самостојни задачи	60 часа
		16.3	Домашно учење	75 часа

17.	Начин на оценување		
	17.1	Тестови	70 бодови
	17.2	Семинарска работа/ проект (презентација:писмена и усна)	10 бодови
	17.3	Активност и учество	20 бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)
		од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)
		од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Освени 42 бодови од парцијални испити, изработена домашна работа и редовност на предавања, аудиториски вежби и лабораториски вежби	
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација, периодични тестови	

22. **Литература**

Задолжителна Литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Т. А. Пачемска, Л. Лазарова	Математика	Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип	2013
2.	Б. Трпеновски, Н. Целакоски, Г. Чупона	Виша математика 1-4	Просветно дело -Скопје	1995
3.	М. Меркле	Математичка анализа	Рачунарски факултет-Београд	2006

Дополнителна Литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Глин Џејмс	Математика на модерен инженеринг	преводи од Влада на РМ	2009
2.				

		3.				

Прилог бр.3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	Линеарна алгебра			
2.	Код	2FI100921			
3.	Студиска програма	Математика-наставна			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за информатика Катедра за математика и статистика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв			
6.	Академска година / семестар	Прва/1.	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	Проф. д-р Мартин Лукаревски			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Студентите да ги научат предвидените содржини, да ги применуваат при решавање математички и други проблеми и да развиваат математичкото мислење				
11.	Содржина на предметната програма: • Векторски простори: реални и комлексни • Линеарна независност, бази и димензија. Теорема за дополнување до база • Линеарни пресликувања и матрици. Формула за димензиите. • Ранг на матрица • Детерминанти. Формула на Лајбниц • Системи линеарни равенки • Реални и комлексни унитарни векторски простори • Норми. Неравенство на Коши-Шварц. Процес за ортогонализација на Грам-Шмит • Ортогоналност и дуалност. Ортонормални системи • Сопствени вредности и сопствени вектори • Дијагонализација • Полиноми. Алгебарска и геометриска кратност на сопствените вредности • Матрични разложувања. Разложување по сингуларни вредности и Жорданова нормална форма				
12.	Методи на учење: предавање, презентација, дискусии, изработка на семинарска работа, домашни работи, консултации				
13.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часа = 180 часови			
14.	Распределба на расположивото време	30+30+30+30+60 = 180 часови (2+2+1)			
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава (15 недели x 2 часови = 30 часови)	30 часови	
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа (15 недели x 2 часови = 30 часови)	30 часови	
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	30 часови	
		16.2.	Самостојни задачи	30 часови	
		16.3.	Домашно учење	60 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови		20+20 бодови	
	17.2.	Проект		10 бодови	

	17.3.	Активности	10+10 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)
		од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)
		од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	60% успех од сите предиспитни активности т.е. 42 бодови од двата колоквиуми, семинарската, редовноста на предавања и вежби	
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација и надворешна евалуација	

22.	Литература					
		Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	22.1.	1.	М. Лукаревски	Линеарна алгебра	Унив. „Гоце Делчев“	2014
		2.	М. Лукаревски, Е. Гелова	Збирка задачи по линеарна алгебра	Унив. „Гоце Делчев“	2015
		1.	S. Axler	S. Axler: Linear Algebra Done Right	Springer-Verlag	1996
		2.	Ш. Акслер	Превод Д. Ѓорѓевиќ: Линеарна алгебра сработена на вистински начин	Просветно дело	2009
		3.	Н.Целакоски	Задачи по линеарна алгебра	Просветно дело	1996
		Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	22.2.	1.	H. Dym	Linear algebra in acton	AMS	2007
		2.				
		3.				

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Основи на програмирање**			
2.	Код	2FI100221			
3.	Студиска програма	Математика-наставна			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за информатика Катедра за математика и статистика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв			
6.	Академска година / семестар	Прва/прв	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	проф. д-р Владо Гичев			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):**				

	Стекнување на теоретски и практични знаења од областа на структурното програмирање преку изучување на програмскиот јазик C++. Стекнување компетенции за решавање на проблеми, изработка на алгоритми и нивна имплементација во програмски јазик.				
11.	**Содржина на предметната програма:** Воведни излагања. Што е компјутерско програмирање? Типови на податоци во програмските јазици. Инструкции за влез и излез. Интерактивен и неинтерактивен влез и излез. Структура Селекција. Структура Циклус. Рекурзија. Функции и типови на функции. Кориснички дефинирани типови на податоци. Структуирани типови на податоци, Слогови и низи. Дводимензионални низи.				
12.	Методи на учење: предавања, аудиториски вежби, лабораториски вежби. Тимски проект: Изработка на практична апликација				
13.	Вкупен расположив фонд на време		6 ЕКТС x 30 часа = 180 часови		
14.	Распределба на расположивото време		30+30+30+30+60 = 180 часови (2+2+1)		
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава (15 недели x 2 часови = 30 часови)		30 часови
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа (15 недели x 2 часови = 30 часови)		30 часови
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи		30 часови
		16.2.	Самостојни задачи		30 часови
		16.3.	Домашно учење		60 часови
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови		40 + 30 = 70	
	17.2.	Проектна задача/ проект (презентација: писмена и усна)		10	
	17.3.	Активност и учество		20	
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		91-100	5 (пет) (F)	
			81-90	6 (шест) (E)	
			71-80	7 (седум) (D)	
			61-70	8 (осум) (C)	
			51-60	9 (девет) (B)	
			0-50	10 (десет) (A)	
19.	Услов за потпис		Услов за добивање потпис е освојување на минимум 42 поени од можни 70 од предиспитните активности: 40 од колоквиуми, 10 од проект и 20 од редовност на предавања и вежби.		
20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски јазик		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Dale, N., Weems, C., Headington, M	Programming and Problem Solving with C++	Jones and Bartlett Publishers	2000
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	В. Гичев	Основи на програмирање	Универзитет „Гоце Делчев“	2013

Прилог бр.3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**	
1.	Наслов на наставниот предмет	**Множества и логика**
2.	Код	2FI101021
3.	Студиска програма	Математика – наставна

4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за информатика Катедра за математика и статистика				
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус на студии				
6.	Академска година / семестар	Прва / прв	7.	Број на ЕКТС кредити	6	
8.	Наставник	Доц. д-р Марија Митева				
9.	Предуслови за запишување на предметот	Запишан втор семестар на студии на студиската програма математика – наставна				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Познавање и разбирање на основните поими од математичката логика и врските помеѓу нив, оспособување за нивно користење во математиката и другите науки. Познавање и разбирање на основните поими од теоријата на множества, релациите и пресликувањата.					
11.	Содржина на предметната програма: Поим за исказ. Операции со искази.Тавтологии. Хипотези и последици. Предикатска логика. Изградба на аксиоматска теорија. Множество. Подмножество. Операции со множества. Подреден пар и директен производ на множества. Релации (основни поими, композиција на релации). Еквиваленција и подредување. Пресликувања. Композиција на пресликувања. Својства на пресликувањата. Инверзно пресликување. Јадро на пресликување. Директен производ на фамилија множества. Еквивалентни множества. Кардинали.					
12.	Методи на учење: Предавања, вежби, изработка на семинарски труд, практична настава					
13.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часа = 180 часа				
14.	Распределба на расположивото време	30+30+30+30+60 = 180 часа (2+2+1)				
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања - теоретска настава (15 недели x 2 часа = 30 часа)	30 часа		
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа (15 недели x 2 часа = 30 часа)	30 часа		
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	30 часа		
		16.2	Самостојни задачи	30 часа		
		16.3	Домашно учење	60 часа		
17.	Начин на оценување					
	17.1	Тестови		20+20+30 бодови		
	17.2	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)		10 бодови		
	17.3	Активност и учество		10+10 бодови		
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)			
		од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)			
		од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)			
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)			
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)			
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)			
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Освени 42 бодови од предиспитни активности, изработена семинарска работа и редовност на предавања и аудиториски вежби				

20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски / англиски
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација, периодични тестови

Задолжителна Литература

	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
22.1.	1.	Б. Јанева	Вовед во теорија на множества и математичката логика	ПМФ, Скопје	1996
	2.	А. Самарџиски	Множества, збирка задачи	ПМФ, Скопје	1996
	3.	Р.Малчески В.Малческа	Математика 1- Алгебарски структури	ФОН Универзитет Скопје	2011

Дополнителна Литература

	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
22.2.	1.	Seselja,B; Tepavcevic, A	Algebra 1 sa logickim uvodom	Prirodno - matematicki fakultet, Novi Sad	2000
	2.	Глин Џејмс	Математика на модерен инженеринг	преводи од Влада на РМ	2009
	3.				

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Англиски јазик ниво А2.1**			
2.	Код	4FF100621			
3.	Студиска програма	Математика-наставна			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип			
5.	Степен	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	I I сем.	7.	Број на ЕКТС кредити	4
8.	Наставник	виш лектор м-р Драган Донев			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Студентот да владее со граматички и реченични структури соодветни за возраста и ниво А2 за владеење на јазикот, како и неколку елементи од преодното рамниште Б1; да препознава слухово зборови и нејфреквентни фрази, изрази и колокации поврзани со неговата/нејзината посредна и непосредна околина за да задоволи конкретни потреби; да разбира текстови, пишани описи и упатства/брошури/менија/возни редови/соопштенија/ознаки од непосредената околина, како и лични писма и куси новинарски текстови на теми од личен интерес; да извлече клучни зборови/изрази/фрази, како и главна идеја и важни детали во текстови и да препознава цел и намена во различни форми на текстови; да разбира соговорник доколку говорот е јасно артикулиран со повремени барања за повторување, објаснување и преформулирање на недоволно разбран дел; да разликува употреба на неформален од основен формален стил; да може да води разговор на познати и помалку познати теми, како и теми од непосреден интерес; да може да изрази чувство, мислење и/или став поткрепен со аргументи, како и да споредува различни мислења/ставови на познати и помалку познати теми, како и теми од непосреден интерес; да може да напише порака/ писмо/белешка/разгледница, како и приказна и/или да опише место/настан и да пополни формулари со основни лични податоци.				

11.	**Содржина на предметната програма:** **Граматика:** прв кондиционал; Present simple passive; прилози за време; Past continuous и Past simple; модални глаголи за изразување способност; прилози за начин; Past simple passive; пасивни конструкции во Past Simple; глаголи со два предмети; зборување за минати навики со would; Past perfect simple; членови; will и going to за одлуки и планови; втор кондиционал; индиректен говор; both, either, neither; придавки од сегашен и минат партицип; контрастирање на сегашни времиња (Present Simple, Present Continuous и Present Perfect); помошни глаголи (be, do have); Question Tags; пасивни конструкции во Present Simple; прилози и прилошки фрази за Present Perfect (already, for, since, just, yet); описни придавки кои се однесуваат на облека контрастирање времиња (Present Perfect и Past Simple); контрастирање минати времиња (Past Simple и Past Continuous); прилози и прилошки определби за време (for (decades/ ages/ hours); since; recently; ago; yesterday; last night/ week/ month/ year; in 2013; later, immediately; at once; suddenly); глаголски именки (gerunds); описни придавки (bright, daily); зборообразување на придавки (-ing /-ed); колокации: get lost; wait (for); catch (the bus); pack your bag; book (a ticket/a room); work (in/at/for/with); прилози за начин; неправилни форми (good - well; fast - fast; hard - hard); директен и индиректен предмет во реченица; Subject & object questions; пасивни конструкции во Future Simple;- модални глаголи must и have to; дел-реченици со that **Лексика:** збогатување на вокабуларот за опис на изглед и личност/карактер; болести; фразални глаголи кои се однесуваат на врски; мерки; работа; зборови поврзани со криминал; поздрави и подароци; медиуми; пари; семејство, пријатели и меѓусебни релации; дом; спорт и слободни активности; временски услови и природни несреќи; храна и пијалоци; природа и околина. **Читање:** студентот чита текстови напишани на стандарден јазик, со често употребувана лексика; чита и изведува заклучок од текстови и куси новинарски статии поврзани со секојдневни општествени теми со конкретна содржина; **Зборување:** прераскажување на урбана легенда/приказна/мит/минат настан; барање за појаснување на недоволно разбран дел од разговор; искажување претходни искуства; зборување за патувања/туризам; искажување правила, обврски и неопходност; зборување за образование, технологија и интереси; детално опишување на одредени карактеристики вклучувајќи специфичност, степен, (не)возможност; искажување дејства опишувајќи одредена специфика/степен. **Пишување:** студентот пишува за планови за продолжување на образованието; издвојува клучни зборови, изрази и фрази и прави претходно планирање за писмено да опишат иден план; конструира реченици со кои се изразува неопходност, правило или обврска и ги вклучува во логички поврзан пишан текст; коригира пишан текст за да ја подобри вештината за пишување; пишува едноставен состав на тема од личен интерес (креативно пишување).			
12.	Методи на учење: интерактивен, работа во групи, домашни работи, индивидуални работи, предавање, дискусија, техники на кооперативно учење, индивидуални задачи, самостојно учење, изработка на индивидуална работа, употреба на електронско учење во наставата и вежбите.			
13.	Вкупен расположив фонд на време		4 ЕКТС x 30 часа = 120 часа	
14.	Распределба на расположивото време		30+15+30+30+15 = 120 часа (2+1+1)	
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часа
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	15 часа
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	30 часа
		16.2.	Самостојни задачи	30 часа
		16.3.	Домашно учење	15 часа
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови	40+30 бодови	
	17.2.	Проектна задача/ проект (презентација: писмена и усна)	10 бодови	
	17.3.	Активност и учество	20 бодови	
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)	
		51 x до 60 бода	6 (шест) (E)	
		61 x до 70 бода	7 (седум) (D)	
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	60% успех од сите предиспитни активности, т.е. минимум 42 бода од двата колоквиуми, семинарската работа, редовноста на предавањата и вежбите		

20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски јазик и англиски јазик		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација и евалуација од студенти		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	V. Evans, J.Dooley	Upstream Elementary A2	Express Publishing	2006
		2.	C. Oxenden ,C. Latham-Koenig	New English File Beginner	Oxford University Press	2011
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Zoze Murgoski	English Grammar: With Contrastive Notes on Macedonian	National and University Library Kliment Ohridski	1997

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Германски јазик ниво А1.1**			
2.	Код	4FF100221			
3.	Студиска програма	Математика-наставна			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за информатика Катедра за математика и статистика			
5.	Степен	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	I I сем.	7.	Број на ЕКТС кредити	4
8.	Наставник	лектор м-р Марица Тасевска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Слушање:** да разбере едноставни упатства; да реагира невербално на поставената задача; да разбере глобално и детално значење на слушнат краток текст со содржина од секојдневниот живот; да издвои информации од краток едноставен слушнат текст од секојдневниот живот; да разбере некои невербални елементи употребени во познати комуникативни ситуации; да ги препознава фонемите, акцентот во зборовите и основните интонациски модели во исказна и во прашална реченица; да разбере едноставни куси искази во врска со познати теми и одредени конкретни ситуации искажани со бавно темпо. **Читање:** глобално да разбере информативен текст проследен со визуелни документи; да разбере кратки и едноставни текстови напишани на стандарден јазик, со често употребувана лексика, вклучувајќи ја и интернационалната лексика; да разбере кратка и едноставна порака; да разбере конкретни информации во натписи, соопштенија, плакати, реклами, проспекти. **Зборување:** да изговара цели реченици со правилна интонација, акцент и ритам; да поставува едноставни прашања; да одговара на едноставни прашања во врска со личните податоци, семејство, интереси, вкусови, слободно време и сл.; да даде краток и едноставен опис на своето опкружување; да користи и да развива сопствени стратегии за усно изразување. **Пишување:** да ги познава и да ги почитува интерпункциските правила и правописот; да пишува зборови со приближна фонетска (но, не секогаш и правописна) точност која одговара на сопствениот устен вокабулар; да пополнува формулари; да пишува кратки едноставни текстови во кои ќе се претстави себеси и друг, да ја опише својата околина, да ги набројува активностите од своето слободно време; да пишува кратки пораки и да гради сопствени стратегии за совладување на писменото изразување на германски јазик.				

11.	**Содржина на предметната програма:** **Граматика:** глаголи и конјугација на глаголи (haben, sein, kommen, sprechen, fahren, schlafen, sehen...) прашални зборови (wer, wo, woher, wie,) лични заменки (акузатив и датив), присвојни заменки (номинатив и акузатив), определен/неопределен член, делливи глаголи (trennbare verben), прилози за време (акузатив и датив), прашални реченици, модални глаголи (mögen,können, wollen, dürfen, sollen, müssen), перфект (минато време), императив (заповеден начин), прилози за место, можен начин (könnten, würden+infinitiv), компаратив и слуперлатив кај придавките (viel, gern, gut), глаголи со датив, сврзници за независни реченици (und, oder, aber, denn), редни броеви. **Лексика:** азбука, броеви, лични податоци, професии, држави/национална припадност, бои, предмети во училница, зборови во врска со семејството, изглед и карактерни особини, интереси, активности во слободното време, денови, месеци, датуми и часови; мерки за тежина, мебел, апарати во домаќинството, временска прогноза, делови од човечкото тело, дијагнози и препораки, знаменитости на град, превозни средства, мода и облека, позначајни празници во земјите од германскојазичното подрачје. **Читање:** кратки и едноставни текстови напишани на стандарден јазик, со често употребувана лексика. **Зборување:** формално и неформално обраќање и поздравување; барање/давање информација при прв контакт (име, адреса, професија, возраст, национална припадност); барање/давање информации за активностите од своето слободно време; изразување афинитети во врска со активностите во слободното време; барање/давање информации за ден, месец, датум или конкретно време/час; поканување/прифаќање и одбивање; барање/давање дозвола; заблагодарување и одговарање на заблагодарување; опишување на секојдневните активности, поставување прашања и одговарање на нив; дијалози на пазар, во ресторан; опишување на стан или конкретна просторија, опишување на некоја професија, на посетен град, држава; закажување, презакажување или откажување на термин; порака на телефонска секретарка, дијалози во трговски центар, опис на слика од моден магазин, споделување мислења околу специјалитети, честитки и фрази за честитање на празници или свеченост во германскојазичните земји; продукција на кратки искази на познати теми. **Пишување:** зборови со приближна фонетска (но, не секогаш и правописна) точност која одговара на сопствениот устен вокабулар; подредување зборови во слеана низа; пишување по диктат; пополнување формулари; пополнување текстови со испуштени зборови; пишување пораки, електронски пораки; пишување краток едноставен состав (од 40 до 50 збора) според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот. Давање дополнителни информации за социокултурните карактеристики на Германија и Австрија и формирање позитивен став кон земјите и културата чиј јазик се изучува.			
12.	Методи на учење: Интерактивен, работа во групи, домашни работи, индивидуални работи, предавање, дискусија, техники на кооперативно учење, индивидуални задачи, самостојно учење, изработка на индивидуална работа, употреба на електронско учење во наставата и вежбите.			
13.	Вкупен расположив фонд на време		4 ЕКТС х 30 часа = 120 часа	
14.	Распределба на расположивото време		30+15+30+30+15 = 120 часа (2+1+1)	
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часа
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	15 часа
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	30 часа
		16.2.	Самостојни задачи	30 часа
		16.3.	Домашно учење	15 часа
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови		40+30 бодови
	17.2.	Проектна задача/ проект (презентација: писмена и усна)		10 бодови
	17.3.	Активност и учество		20 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)

19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		60% успех од сите предиспитни активности, т.е. минимум 42 бода од двата колоквиуми, семинарската работа, редовноста на предавањата и вежбите		
20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски јазик и германски јазик		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација и евалуација од студенти		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Marion Kerner, Silke Hilpert, Monika Reimann,Andreas Tomaszewski..	Schritte International 1 Kusrbuch + Arbeitsbuch	Hueber Verlag	2006
		2.	Friederike Jin, Ute Voß	Grammatik aktiv Üben, Hören, Sprechen	Cornelsen	2018
		3.	Ранка Грчева Петер Рау	Голем македонско-германски и германско-македонски речник	Магор	2006
	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Димитрија Гацов	Германска Граматика	НУБ „Климент Охридски“ - Скопје	1995
		2.	Evans Sandra, Pude Angela, Sprecht Franz	Menschen A1.2	Hueber Verlag	2012
		3.	Olga Swerlowa	Grammatik & Konversation Arbeitsblätter für den Deutschunterricht A1-A2-B1	Langenscheid	2013

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Италијански јазик ниво А1.1**			
2.	Код	4FF100421			
3.	Студиска програма	Математика-наставна			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за информатика Катедра за математика и статистика			
5.	Степен	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	I I сем.	7.	Број на ЕКТС кредити	4
8.	Наставник	лектор д-р Надица Негриевска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Слушање:** да разбере едноставни упатства; да реагира невербално на поставената задача; да разбере глобално и детално значење на слушнат краток текст со содржина од секојдневниот живот; да издвои информации од краток едноставен слушнат текст од секојдневниот живот; да разбере некои невербални елементи употребени во познати комуникативни ситуации; да ги препознава фонемите, акцентот во зборовите и основните интонациски модели во исказна и во прашална реченица; да разбере едноставни куси искази во врска со познати теми и одредени конкретни ситуации искажани со бавно темпо.				

	Читање: глобално да разбере информативен текст проследен со визуелни документи; да разбере кратки и едноставни текстови напишани на стандарден јазик, со често употребувана лексика, вклучувајќи ја и интернационалната лексика; да разбере кратка и едноставна порака; да разбере конкретни информации во натписи, соопштенија, плакати, реклами, проспекти. **Зборување:** да изговара цели реченици со правилна интонација, акцент и ритам; да поставува едноставни прашања; да одговара на едноставни прашања во врска со личните податоци, семејство, интереси, вкусови, слободно време и сл.; да даде краток и едноставен опис на своето опкружување; да користи и да развива сопствени стратегии за усно изразување. **Пишување:** да ги познава и да ги почитува интерпункциските правила и правописот; да пишува зборови со приближна фонетска (но, не секогаш и правописна) точност која одговара на сопствениот устен вокабулар; да пополнува формулари; да пишува кратки едноставни текстови во кои ќе се претстави себеси и друг, да ја опише својата околина, да ги набројува активностите од своето слободно време; да пишува кратки пораки и да гради сопствени стратегии за совладување на писменото изразување на италијански јазик.				
